Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/1111 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 22 и член 25 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/18) министерот за образование донесе скаратена наставна програма по наставниот предмет **ЕТИКА** изборен за III година на средното гимназиско образование за учебната 2020/21 година.

## 1. Вовед

Скратената наставна програма по наставниот предмет ***етика изборен за III година*** се базира на целите предвидени со наставната програма за наставиот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратенета програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, 2 часа неделно, односно вкупно 64 часа.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

## 2. Преглед на теми и наставни единици

### I ТЕМА: ВОВЕД ВО ЕТИКАТА (4 ЧАСА)

**Наставни единици:**

- Што се етиката и моралот
- Етиката како наука за моралот и за животните вредности
- Современиот подем и состојби во етиката

### II ТЕМА: ВРЕДНОСТА НА ЖИВОТОТ (6 ЧАСА)

**Наставни единици:**

- Животот и неговата универзалност и вредност
- Различни учења за целите и вредноста на живеењето
- Највисоката вредност во животот
- Позитивитет на животната етика

## III ТЕМА: ГРАДБЕНИ ЕЛЕМЕНТИ НА ЕТИКАТА (15 ЧАСА)

**Наставни единици:**

- Доброто и злото како основни етички категории
- Индувидуализам и колективизам
- Етичка автономија и хетерономија
- Волја, намера и дело
- Избор на вредностите
- Морална норма
- Совест
- Етичко сметање
- Етичко образование

## IV ТЕМА: ЕТИКАТА И РЕЛИГИЈАТА (6 ЧАСА)

**Наставни единици:**

- Десетте Божји заповеди
- Христијанска етика
- Етиката на Исламот
- Други етички религии

## V ТЕМА: СОВРЕМЕНИ ЕТИЧКИ УЧЕЊА (5 ЧАСА)

**Наставни единици:**

- Утилитаризам
- Консеквенционализам
- Етика на грижата

## VI ТЕМА: ЕТИЧКИ ПРИОРИТЕТИ (8 ЧАСА)

**Наставни единици:**

- Радост и тага, оптимизам и песимизам
- Љубов и пријателство, избор во љубовта
- Среќа, судбина
- Егоизам и алтруизам
- Вистина, достоинство, чеснст, храброст
- Разумност, воздржаност, коректност, фанатизам
- Должност, одговорност
- Негативни појави - завист, непријателство, злоба, агресија тероризам

## VII ТЕМА: БИОЕТИКА (6 ЧАСА)

**Наставни единици:**

- Биоетиката како нова водечка етичка дисциплина
- Етиката на здравјето
- Еколошка етика
- Зависностите и дрогата

## VIII ТЕМА: СОЦИЈАЛНА ЕТИКА (8 ЧАСА)

**Наставни единици:**

- Јас, другиот и ближниот, заедничко живеење
- Етика во семејството
- Светот како целост (Универзална етика)
- Избегнување, совладување и решавање на конфликтите,
- Етикеција

## IX ТЕМА: ЕКОНОМСКА ЕТИКА (3 ЧАСА)

**Наставни единици:**

- Работна етика
- Имот, пари, штедење, деловна чесност

## X ТЕМА: ПОЛИТИЧКА ЕТИКА (3 ЧАСА)

**Наставни единици:**

- Демократија, човекови права
- Мир, толеранција

## 3. Дидактички препораки

Појдовна основа за реализација на скратената наставна програма по наставниот предмет ***етика изборен за III година*** е редовната наставна програма (конкретните цели, поими, предложените активностии методи). Потребно е интегрирано планирање односно целно и содржинско поврзување како и планирање на наставата со поврзување на учењето со искуството на учениците. За реализација на наставниот предмет ***етика*** наставникот треба да применува интерактивни техники на учење како што се: работа во групи, дискусии, дебати, бура на идеи, анализа на текст и документи, анализа на случај, но и традиционални методи: куси предавања, насочен разговор. Наставникот при обработка на наставните содржини треба активно да ги вклучи учениците во дискусија, анализа на одредени етички појави, текстови со етичка содржина итн. Препораките за користење на скратениот фонд на часови се дадени како ориентација, заедно со конкретните цели и теми/содржини што нетреба да го ограничува нивното прераспоредување според потребите при реализацијата. Проверувањето на знаењата на учениците треба да се врши во сите фази на наставниот процес, при реализација на нова содржина, повторување, вежбање и истражување. При следењето и оценувањето се применуваат различни постапки (усно и писмено проверување, тестови на знаења, изработка на семинарски трудови, и активности на ученикот во текот на часот).

Наставникот ќе користи наставни средства и помагала што се определени со редовната наставна програма.

**4. Норматив за наставен кадар**

Скратената наставна програма ја реализира наставик согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната настава програма

Скратената наставна програма по наставниот предмет ***етика изборен за III година*** на средното гимназиско образование ја утврди

Арх.бр.12-8424/81 Министер за образование и наука
16.9.2020 година Мила Царовска